Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

## Извадок на дел од дневни настани 20.12.2021

Денеска (20.12.2021) од страна на полициски службеници од Одделението за недозволена трговија при СВР Велес во с.Горно Јаболчиште се лишени од слобода М.У.(60) и И.У.(34), двајцата од истото село. Имено, во 06.00 часот, при претрес во куќа и помошни простории каде живеат двете лица, извршен со судска наредба, биле пронајдени: една автоматска пушка кал.7,62 мм со две рамки и 50 куршуми, една ловна пушка кал.16 мм, еден пиштол 7,62 мм со една рамка и 22 куршуми и еден пиштол 7,65 мм со една рамка. Двајцата се приведени во полициска станица и по документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.12.2021 во 14.10 часот на бул.„АСНОМ" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода Г.М.(63) од Скопје. За него била распишана централна потерница по наредба на Основен суд Скопје 1 за издржување казна затвор од една година за сторено кривично дело „тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот“ по член 300 од Кривичниот законик. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Скопје за издржување на казната.

На 19.12.2021 во 17.30 часот во с.Трубарево, скопско, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.С.(48) од Скопје. За него била распишана централна потерница по наредба на Основен суд Скопје 1 за издржување казна затвор од една година за сторено кривично дело „незаконит риболов“ по член 229 од Кривичниот законик. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Скопје за издржување на казната.

На 19.12.2021 во 21.25 часот на подрачје на Гази Баба, полициски службеници од Полициската станица Гази Баба го лишиле од слобода Б.С.(24) од Скопје. Тој бил баран по судска наредба за издржување казна притвор поради сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори“ по член 215 од Кривичниот законик. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Скопје за издржување на казната.

На 19.12.2021 во 14.40 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје на подрачјето на Чаир го лишиле од слобода А.Б.(18) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на вчерашната вечер (19.12.2021) во периодот од 18.00 до 22.00 часот со посебно опремен радар за снимање во ноќни услови, спроведена е зајакната акциска контрола на територијата на СВР Тетово за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 67 возачи. Од нив, 11 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а шест возила се движеле со брзина над 70 километри на час повеќе од дозволеното. При тоа 16 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 51 надвор од населено место.

На 19.12.2021 во периодот од 18.00 до 22.00 часот на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 28 прекршоци, од кои 18 во населено место и 10 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 36 други видови на прекршоци.
Истиот ден во периодот од 18.00 до 24.00 часот спроведена е акциска конторла за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Од извршената контрола кај 5 возачи било утврдено присуство на алкохол. Сите биле исклучени од сообраќај, времено им се одземени возачките дозволи и издадени им се прекршочни платни налози.

На 19.12.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле преземени вкупно 23 мерки од кои 18 за пречекорување на максималната дозволена брзина во населено место и 5 за пречекорување на брзината надвор од населено место. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 19.12.2021 во 19.00 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека на магистралниот пат Штип–Кочани, кај с.Уларци, патничко моторно возило „фиат уно“ со скопски регистарски ознаки, управувано од З.М.(40) од с.Чифлик, општина Сопиште, излетало од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила малолетна сопатничка, а со телесни повреди се здобил возачот, сопатникот Р.Т.(72) од с.Стајковци и уште еден малолетен сопатник, констатирани во Јавна здравствена установа Кочани. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Кочани.

На 19.12.2021 во 16.20 часот во Полициската станица Центар, Е.У.(75) од Скопје пријавила дека во Градскиот парк била касната од куче скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (19.12/20.12.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 23 прекршоци.

Денеска (20.12.2021) во периодот од 06.00 до 09.00 часот на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 18 прекршоци, од кои 13 надвор од населено место и 5 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции.

На 20.12.2021 во 00.30 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Д.Ј.(18) од Куманово, затоа што претходно во домот агресивно се однесувал кон неговата мајка и оштетил дел од покуќнината. Исто така, при преглед кај него бил пронајден и одземен нож. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.12.202 во 23,10 ч. во СВР Скопје од страна на сосед било пријавено дека во куќа на ул.Димо Хаџи Димов во Скопје во која се одржувало семејна веселба, машко лице пукало со пиштол во воздух. Полициски службеници излегле на лице место и во дворот на куќата пронајдени се две чаури, кои се подигнати за вештачење и се преземаат дополнителни мерки за расчистување на случајот.

На 19.12.2021 во 23.30 часот во СВР Скопје, Т.П.(25) од Скопје пријавил дека околу 23.00 часот на подрачјето на Кисела Вода бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Р.В.(48) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „даночно затајување“ . Пријавениот, во текот на 2017 година, на своја денарска сметка во банка во 34 наврати уплатил 1.624.342 денари остварени како друг приход. За тој износ тој не поднел годишна даночна пријава и на тој начин одбегнал да плати данок на доход од 10% или 162.434 денари, сума за која го оштетил Буџетот на Република Северна Македонија.

На 19.12.2021 во 22.30 часот во СВР Скопје, С.К.(34) од с.Сингелиќ, скопско, пријавил дека околу 22.00 часот на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од А.И., С.Ј. и Е.Ј.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.А(31) од Боговиње и правно лице – угостителски објект од с.Горно Седларце, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија“. На 29/30.05.2021, полициски службеници на СВР Тетово извршиле контрола во објектот и затекнале 18 вработени женски лица и 35 гости за време на забрана за работа на затворените простории на угостителските објекти, како мерка за спречување на ширењето на вирусот Ковид-19.

На 20.12.2021 во 09.25 часот било пријавено дека во ветеринарна ординација на подрачјето на Карпош било влезено со употреба на сила и биле одземени пари и лап-топ компјутер. Се работи на расчистување на случајот.

На 19.12.2021 околу 22.00 часот во СВР Скопје, С.Д. од с.Копаница, скопско, пријавил дека во неговата куќа бил физички нападнат од три лица, кои притоа му одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Кочани поднесе кривична пријава против Д.А.(30), Д.Б.(25), Б.З.(25) ,К.А.(24) и Д.С.(22), сите од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство“. На 14.11.2021 во с.Грдовци, по претходна расправија, пријавените физички го нападнале К.Д..

СВР Штип поднесе кривична пријава против Ф.М.(25) и С.С.(24) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“. На 03.05.2021 во 22.10 часот полициски службеници ги затекнале пријавените како се движат без дозвола за движење, со што не ја почитувале мерката со која се забранува движење на населението со цел спречување на внесување и ширење на коронавирусот.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет